Република Македонија Национална установа
СПОМЕН КУЌА НА МАЈКА ТЕРЕЗА
Бр. 02-500/1
21.07. 2015 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 36 став (1) точка 1, а во врска со член 25 став (1) од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14 и 61/15), Управниот одбор на Националната установа Спомен куќа на Мајка Тереза - Скопје, на седницата одржана на ден 08.07.2015 година, донесе

С Т А Т У Т
НА НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА СПОМЕН КУЌА НА МАЈКА ТЕРЕЗА - СКОПЈЕ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Предмет на уредување
Член 1

(1) Со овој статут се уредуваат називот, седиштето, правната положба, застапувањето, дејноста, работата, организацијата, раководењето, управувањето, финансирањето, информирањето и обезбедувањето јавност во работата и други прашања утврдени со Законот за културата и друг закон, што се од значење за работењето на Националната установа Спомен куќа на Мајка Тереза - Скопје (во понатамошниот текст: Спомен куќата на Мајка Тереза).

(2) Министерот за култура дава согласност на статутот од ставот 1 на овој член.

Назив и седиште
Член 2

(1) Целосниот назив на Спомен куќата на Мајка Тереза гласи: „Република Македонија, Национална установа Спомен куќа на Мајка Тереза – Скопје“.

(2) Скратениот назив на Спомен куќата на Мајка Тереза гласи: „Спомен куќа на Мајка Тереза “.

(3) Седиштето на Спомен куќата на Мајка Тереза е во Скопје, ул. „Македонија“ бр.9.

Основач и сукцесија
Член 3

Основач на Спомен куќата на Мајка Тереза е Владата на Република Македонија, со Одлука за основање на национонална установа „Спомен куќа на Мајка Тереза“ – Скопје бр.19-3729/1 од 25.07.2008 година („Службен весник на Република Македонија” бр. 96/08 година).

Правна положба
Член 4

(1) Спомен куќата на Мајка Тереза е непрофитна национална установа од областа на културата.

(2) Спомен куќата на Мајка Тереза има својство на правно лице, запишано во Централниот Регистар на Република Македонија.

(3) Во правниот промет со трети лица Спомен куќата на Мајка Тереза настапува во свое име и за своја сметка, а за своите обврски одговара со сите средства со кои располага и за целиот износ на обврските.

(4) Спомен куќата на Мајка Тереза може да го промени видот, називот и седиштето, како и да изврши статусни измени (спојување, припојување, поделба и издвојување) само по претходна одлука на Владата на Република Македонија.

Печат и штембил
Член 5

(1) Во своето работење Спомен куќата на Мајка Тереза употребува печат и штембил.

(2) Печатот има форма на круг, со пречник од 30 мм по чија внатрешна страна, полукружно, со кирилско писно во два реда е испишан текстот: "Република Македонија, Националната установа СПОМЕН КУЌА НА МАЈКА ТЕРЕЗА, со зборот Скопје во средниот дел на печатот.

(3) Штембилот е во форма на правоаголник, со димензии: должина 60 мм и ширина 32 мм, и на него со кирилско писмо е испишано: во горниот раб текстот „Национална установа", под кој во втор ред стори текстот "СПОМЕН КУЌА НА МАЈКА ТЕРЕЗА - СКОПЈЕ. Под него, во средината има ознака Бр _____ и под неа линија за внесување на датумот „_____год.", под која стои називот на седиштетот Скопје.

(4) Печатот и штембилот од ставовите (2) и (3) на овој член ги чува и употребува овластено лице, задолжено за водење на архивата со решение од директорот на Спомен куќата на Мајка Тереза.

(5) Лицето од ставот (4) на овој член и директорот на Спомен куќата на Мајка Тереза се одговорни за правилното чување и употребата на печатот и штембилот од ставовите (2) и (3) на овој член.

(6) Начинот на употребата, чувањето и ракувањето со печатот и штембилот од ставовите (2) и (3) на овој член се утврдува со одлука на Управниот одбор на Спомен куќата на Мајка Тереза.

Заштитен знак
Член 6

(1) Спомен куќата на Мајка Тереза има заштитен знак.

(2) Заштитниот знак на Спомен куќата на Мајка Тереза се состои од графичка претстава на Спомен куќата на Мајка Тереза, во продолжение на долниот десен дел продолжува текст НУ СПОМЕН КУЌА НА МАЈКА ТЕРЕЗА и текстот и графичкото решение се претставени со светло сина боја.

(3) Начинот и условите на користење на заштитниот знак од ставот (2) на овој член се утврдуваат со одлука на управниот одбор на Спомен куќата на Мајка Тереза.

Застапување и претставување
Член 7

(1) Во правниот промет со трети лица, Спомен куќата на Мајка Тереза го претставува и застапува директорот, без ограничувања.

(2) Друго лице може да ја претставува и застапува Спомен куќата на Мајка Тереза само врз основа на писмено овластување (полномошно), издадено од директорот.

(3) Во случаите од ставот (2) на овој член, полномошникот ја застапува и претставува Спомен куќата на Мајка Тереза во границите на даденото полномошно.

Овластени потписници на сметките

Член 8

(1) Спомен куќата на Мајка Тереза има буџетска сметка за единка корисник на Буџетот на Република Македонија.

(2) Овластен потписник на буџетската сметка на Спомен куќата на Мајка Тереза е директорот, без ограничување.

(3) Управниот одбор на Спомен куќата на Мајка Тереза може со одлука да определи втор потписник или повеќе други потписници на жиро-сметките, односно трезорските потсметки на Спомен куќата.

(4) Во случаите од ставот (3) на овој член, управниот одбор на Спомен куќата на Мајка Тереза со истата одлука ги утврдува начинот на потпишувањето и евентуалните ограничувања на износите до кои тие потписници можат да потпишуваат.

II. ДЕЈНОСТ НА СПОМЕН КУЌАТА НА МАЈКА ТЕРЕЗА

Основна дејност

Член 9

(1) Дејност на Спомен куќата на Мајка Тереза е дејност на музеите (шифра: 91.02).

(2) Дејноста од ставот (1) е од национален интерес.

(3) Во рамките на основната дејност Спомен куќата на Мајка Тереза:

1. Систематски истражува, собира, средува, стручно и научно обработува и проучува, конзервира, чува, објавува и презентира музејски материјал;
2. Преку постојани изложбени поставки, повремени и подвижни изложби, предавања, семинари, прикажувања на филмови и други форми на дејствување, ја запознава јавноста со музејските фондови;
3. Обезбедува услови за користење и за научно и стручно проучување на музејскиот материјал;
4. Издава научни и стручни публикации, каталози, водичи и друг пропаганден материјал;
5. Води музејска евиденција според позитивните законски прописи;
6. Прима донации на музејски предмети поврзани со ликот и делото на Мајка Тереза;
7. Врши едукативна работа, односно развива посебни форми за презентирање на ликот и делото на Мајка Тереза;
8. Ја информира јавноста за својата работа;
9. Врши и други работи согласно со закон и овој статут.

(4) Проширување на дејноста и други статусни промени на Спомен куќата на Мајка Тереза може да се направат со измена на овој статут и согласност од основачот односно Владата на Република Македонија.

Дополнителна дејност

Член 10

(1) Покрај основната дејност, Спомен куќата на Мајка Тереза ги врши и следните дополнителни дејности:

1. Издавање на книги (шифра: 58.11),
2. Издавање на списанија и периодични публикации (шифра 58.14),
3. Други издавачки дејности (58.19),
4. Услужни дејности во врска со печатење и објавување (шифра 18.13),
5. Репродукција на снимени медиуми (шифра 18.20),
6. Трговија на мало со производи за култура и рекреација во специјализирана продавница (шифра 47.7),